**Здружение на пензионери Ѓорче Петров**

# ИЗВЕШТАЈ

**за работата на органите и телата наЗдружение на пензионери Ѓорче Петров**

**за 2024 година**

**Скопје 2025 година**

**ВОВЕД**

Програмата за работа на органите и телата на Здружението е основата врз која се темелат сите активности на органите и телата,како и активностите кои ги налагаа СЗПМ и СЗП на Град ЂСкопје,а ние како членка на овие Сојузи дел од обврските ги превземаме  и со нашата програма.

Во овој извештаен период  и реализирањето на програмските активности,се одвиваа во период на тензично однесување на дел од членството во нашето здружение како и во други пензионерски здруженија  во државата.

Овие групации со неоснованите  барања, што се спротивни на Статутите на здруженијата како и нивното недоволно познавање на законските акти секако потикнати од структури кои сакаат да наштетат на пензионерската организираност.сакаа да ги завземат раководните места во Здруженијата,без предхдно спроведени избори во Здруженијата.

Во оваа прилика ќе напоменеме дека нашето здружение ги надмина проблемите од ваквата природа и даде целосна подршка на работата на Сојузот и сите здруженија кои работат транспарентно и согласно Законот и статутите на здруженијата.

Како предувлов за реализирање на програмските активности за 2024 година беше обезбедувањето на материјалната основа,која се обесбедува во најголем дел од

членарината,а помал дел од партиципација за излети,камата на орочени средства и донации.

Тие средства со финансискиот план за 2024 година беа распоредени по области согласно потребите и активностите предвидени со Програмата за работа.

Ставот на Здружението е да не се врши пречекорување на предвидените стедства со Финансискиот план за реализација на програмските активности на Здружението.

Ваквата политика на долгорочна основа обезбедува стабилност и опстојување од една страна  и реализирањето на програмските активности зацртани како цели и задачи во Статутот на Здружението.

Поради поголема прегледност и искажувањето на реализираните активности во извештајниот период ќе бидат искажани систематизиранипо области со хронолошки приказ.

Ќе напоменеме дека,како и секоја година,покрај програмските активности има и активности кои не биле предвидени со годишната програма и програмите на комисиите ,меѓутоа со својата актуелност и значење се наметнале како актуелни.

Извршниот одбор и неговите помошни тела( комисите ) се носителите на активностите на органите и телата на Здружението на пензионери Ѓорче Петров-Скопје,зацртани во Програмата за работа на ова здружение и другите акти.

Извршниот одбор согласно Статутот на здружението е обврзан најмалку еднаш годишно на Собранието да му поднесе извештај за својата работа.

По потреба Извршниот одбор формираше повремени работни групи со строго одредени задачи,обврски и одговорности.

Извршниот одбор своите активности ги остваруваше на седници.На седниците на ИО присуствуваа  Претседателот на Собранието,претседателот на НО,претседателите на разграноците и одредени претседатели на комисии

Во овој извештаен период извршниот одбор одржа 13 редовни седница.

Дневниот ред на седниците на ИО секогаш бил диктиран од обврските кои произлегуваат од предвидените програмски активности,а во ретки случаи на дневер ред се поставувани и прашања кои произлегуваат од соработката со СЗПИ и СЗП-на Град Скопје.

Во своето работење ИО по прашањата ги рзгледувал,донесувани се содветни акти и тоа одлуки,заклучоци препораки и по истите се постапувало.

Заради појасен преглед на активностите на Извршниот одбор и остварувањето на статутарните цели и задачи,истите систематизирани ќе ги прикажеме како:

- Активности на Извршниот одбот за подготвување на материјали за седниците на Собранието  и

- Активности на Извршниот одбор како цели и задачи на здружението и активности кои произлегуваат од Програмата за работа и другите акти.

Активности на Извршниот одбор за подготвување на матријалите за седниците на Собранието

АКТИВНОСТИ НА СОБРАНИЕТО

**Прва седница** (Третата седница ИИИ- ) на Собранието во 2024 година се одржа на 28.02.2024 година на која беа донесени важни Одлуки за работата на Здружението и тоа:

- Разгледување и усвојување на Предлог-Извештајот за работата на органите и на телата на Здружението за 2023 година со донесување Одлука
- Разгледување и усвојување на Предлог-финансискиот извештај за остварените приходи и расходи на Здружението за 2023 година (Завршна сметка) со донесување Одлука
- Разгледување и усвојување на Извештајот на Надзорниот одбор
- Донесување Одлука за ребаланс на Финансискиот план за 2024 година
- Избор на член во Извршниот одбор на Здружението од разгранокот Дексион
- Донесување Одлука за констатирање оставка на член на Собранието;
- Донесување Одлука за определување на границите помеѓу

* ***Свечен дел***

Ђ Потпишување на Повелба за Збратимување со ЗП-Тетово и ЗП-Гази Баба.



**Втора седница (**Четвртата ИВ **)** на Собранието се одржа на 15.03.2024 година на која беа разгледани актуелни прашања од работата на Здружението, се донесоа Одлуки и се

- Донесување Одлука за измени и дополнување на Правилникот за работното време и надоместоците во Здружението на пензионери Ѓорче Петров Ђ Скопје.
- Донесување Одлука за прифаќање оставка од Благица Цветковска од функцијата член на НО.



**Трета седница(**Петата В ) на Собранието се одржа на 12.12.2024 година

- Донесување Одлука за констатирање престанок на мандат поради смртт на член на Собрание.
- Извештај на комисијата за спроведување на избори од дополнителните избори во разграноците:Ѓорче Петров,Дексион и Волковои и избор за член на Надзорен одбор.

- Избор на Верификациона комисија на мандат на членови на Собрание од разграноците Ѓорче Петров,Дексион и Волково со донесување Одлука.
- Верификација на мандат на членови на Собрание од разграноците:Ѓорче Петров,Дексион и Волково.
- Избор на верификациона комисија.
- Донесување Одлука,за верификација на мандати за членови на Собрание.
- Избор на член на НО од разгранок Волково
- ;Избор на Кандидациона комисија ( три члена )
- Избор на оверувачи на записник ( два члена )
- Донесување на Одлука за избор на член на НО
- Донесување Програма за работа на органите и телата на Здружението на пензионери Ѓорче Петров за 2025 година со донесување на Одлука
- До0несување Финансиски Извештај за остварени приходи и реализирани расходи за период од 01.01.2024 до 30.09.2024 година.
- Донесување Финансиски план на планирани приходи и расходи за 2025 година со донесување на Одлука
- Постапка за отповикување на член на Собрание и член на Извршен одбор од разгранокот Мирче Ацев. со донесување Одлука
- Донесување Одлука за доделување на праричнa награда и признанија на истакнати членови на ЗП Ѓорче Петров;

**Активности на Извршниот одбор како цели и задачи на здружението и активности кои произлегуваат од Програмата за работа и другите акти.**

**❶ Заштита на стекнатите права од пензискоти осигурување ,исплатата и усогласување на пензиите во соработка со СЗПМ**

Извршниот одбор ги следеше промените на прописите од областа на пензиското и здравственото осигурување кои произлегуваат од законот за ПИОМ.

Пензиите како основно стекнато право,редовно се исплатувани во утврдениот рок .Со линеарното зголемување на пензиите за 2.500 денари со септемвриската пензија

донекаде се заштити стандардот на пензионерите.Ваквата состојба со стандардот на пензионерите е и резултат на општата состојба во државата,пред се економската.

Со овој начин на покачување се намали јазот  помеѓу примателите на минималните пензии и примателите на високи пензии.

Во областа на здравството и здравствената заштита на пензионерите во текот на извештајниот период не се извршени некои позначајни промени во законската регулатива.Позитивно е што постојано според можностите на Фондот за здравство,се врши проширување на позитивната листа на лекарства.



❷ **Здравствена и социјална заштита.**

Во 2024 година на прашањето на здравствената заштита ИО преку соодветната комисија ги реализираше планираните активности.

За подобрување на здравствената заштита  на пензионерите Извршниот одбор потпиша Спогодба за соработка со организацијата на Црвениот крст. Благодарение на добрата соработка со Црвениот крст беа организирани повеќе предавања за заштита на здравјето на луѓето од третото доба. Во разграноците Волково, Даме Груев, Клубот за Дневен претстој и  клубот на Актив на Жени,  беа организирани безплатни прегледи и мерење на крвниот притиок и шеќер во крвта,преглед на слухот и поделба на бесплатни ушни слушалки,мерење на витамини во организмот од страна на стручни лица вработени во Зегин..Исто така беа

организирани и предавања од областа на здравството.Во соработка со доктор-професор Драган Илиевски како и други стручни лица од областа на медицината.



**Помош на пензионерите**

Здружението не располага со доволно средства за оваа намена.Оваа година ИО одлучи да додели помош на пензионери со мали пезии, Оваа помош се состоеше во парична помош во износ од 2000 денари која беше доделена пред Нова година на 134 пензионери како и доделена парична помош на 24 пензионери по основ на болест..Правото за попуст од 10% за Бањско лекување го искористија 77 пензионери.



Во соработка со Општината на пензионери со низки пензии  од руралниот дел (Кучково,Никиштани и Орман)  им беа доделени пакети, како и на пензионери со ниски пензии по разграноците.

Во иднина оваа пракса ќе продолжи и во зависост од материјалните можности на здружението.

### ❸ **Остварување на функциите на Здружението, *материјално финансиско и книговодствено варотење***

Остварувањето на функцијата на Здружението е тесно поврзана со остварувањето на планираните приходи.

Приходите на здружението се познати со усвојувањето на Финансискиот план за 2024 година.Од таму може да се види дека најголемиот дел од приходите отпаѓа на приходите од членарината,аостанатиот помал дел отпаѓа на останатите приходи.(камати и донации)кои и не можат да се планираат.

Тука значајно е да се каже дека членарината како основен приходен извор со години е непроменет.Поради што е потребно да се води сметка при реализацијата на расходниот дел од финансискиот план,од причина што сите видови на трошоци се со зголемени вредности.Тоа налага парцијално користење на средствата или намалување на обемот на активностите.

Материјално финансиското работење во Здружението се води согласно постоечките прописи и во секое време е достапно за увид на НО.

-Значајна активност во 2024 година беа следење на финансиското работење на здружението и навремено изготвување на финансиски извештаи во согласност со новиот Закон за Здруженија и Фондации.Финансиското работење е следено и од страна Надзорниот Одбор кој повремено доставува извештаи за работата на здружението.

-Во почетокот на 2024 година ќе бидат разгледувани и донесени следните акти:

- Финансиски извештај за 2023 година.

-Завршна сметка за 2023 година

- Финансики План за 2025 година.

-Повремени извештаи за остварување на приходите и расходите за 2024 година.

-По потреба изготвување на Ребаланс за Финансискиот план.

-Извештај на Надзорниот одбор за 2023 година.

-Извештај на пописната комисија за 2023 година.

## ❹ ***Спортски активности***

Извршниот одбор посебно внимание им посветува на спортските активности на нашите членови. Како резултат на тоа се постигнатите резултати на Регионалните и Републичките натпревари. На овој план Здружението оваа година постигна задоволителни резултати.








На Регионалните спортски натпревари на пензионерите од Вториот регион. Извршниот одбор и Комисијата за спорт навреме изготвија план за спроведување и подготовки за натпреварите.

Извршниот одбор формира посебен одбор со задача да изготви програма за одвивање на подготовките и одржување на натпреварите.Во подготвителниот дел за настап на натпреварите беа организирани натпревари меѓу разграноците. На овие натпревари зедоа учество над 200 пензионери од сите разграноци.



Од постигнатите резултати на нашите натпреварувачки не треба да бидеме сосема задоволни. На Регионалните натпревари нашето здружение освои едно (1) прво место во шутирање на кош Ѓжени.

Со што се здобивме со право за настап на Републичките спортски напревари на пензионерите што се одржа во Скопје( ресторан -Ну Стар)

На Републичките спортски натпревари на пензионерите нашите натпреварувачки успеаа да постигнат одличен резултат освојувајќи го Првото(1) место.

Во иднина ќе се залагаме за постигнување на подобри резултати и да се изврши подмалдување на екипите во одделни дисциплини и понавремено отпочнување на подготовките и вклучување на пензионери кои биле спортски работници и спортисти

## ❺ *Одмор и Ракреација*

***Во оваа извештајна година Здружението на пензионери Ѓорче Петров врз основа непосредно склучените договори ја продолжи соработката со бањско климатските лекувалишта во Р.С.Македонија***

***Склучени се договори за користење на услугите на Катлановска Бања,Негорски Бањи и Дебарски бањи.***

Во текот на 2024 година беа изведени 10 еднодневни излети до познати излетнички места во државата и странство. Излетите беа организирани со 20 автобуси што значи дека на излет беле повеќе од 1000 пензионери.



Според изготвените критериуми на излети не треба да одат исти пензионери. Овој критериум од страна на раководствата на разграноците недоследно се применува.

Присутна беше појавата картите да се даваат на познати, пријатели и на пензионери кои не живеат на подрачјетот каде  делува разгранокот.

Со цел да се овозможи што поголем број на пензионери да учествуваат на излетите,во иднина треба да се размисли дали оние пензионери што повеќе пати учествуваат на излетите да учествуваат со поголем износ во партиципацијата на превозот.

Еден излет беа организирани во странство.Р.Грција со посета на  Солун.




## ❻ *Културно- забавен живот*

За одвивање на активностите од  културно-забавен живот во разграноците не се создадени потребните, просторни и материјални  услови.

Комисијата за културно-збавен живот изготви програма за настап на Ревијата игра, песна и музика што оваа година се одржа во Домот на АРМ. Нашето здружение на оваа ревија настапи со изворен фолклор. Настапот на нашите учесници беше извонредно примен од публиката,со што се стекнавме со право на настап на Републучката ревија.Каде што бевме избрани да учествуваме на меѓународниот фолклорен фестивал во Љубљана Трето Животно Доба заедно зо ЗП- Македонска Каменица.Исто така значајно  е да напоменеме дека здружението зеде учество и во емисиите Везилка и Качамак.



Пензионерите масовно присуствуваа и на тетарски претстави.Услови за организирање на други манифетации од културно-забавен карактер нема. Има желба да се организираат изложби на пензионери-сликари, литературни читања, предавања и сл.





## ❼ *Соработка со локалната самоуправа и други организации*

Нашето здружение на соработката со локалната самоуправа и другите организации и институции им посветува посебно внимание.

Соработката со локлната самоуправа се одвива на општо задоволство. Оваа соработка годинава беше крунисана со заедничко учество во проекти од соцојална сфера,со што се зајакна соработката помеѓу здружението и општината(Општината финансиски го помогна здружението за престојот во Љубљана со што е платен дел од фактурата за превоз,а исто така беше покровител на Контелот по завршувањето на седницата на Собранието)



Во неа се конкретизирани обврските и прашањата во рамките на кои ке се одвива соработката. На седниците на собранието скоро редовно е поканет и присуствува градоначалникот на општината, кој со своето учество придонесува за побогата и посодржајна расправа по материјалите што се на дневен ред. На овој план треба да се истакне и добрата практика здружението да биде вклучено во одредени активности и манифестации организирани од страна на општината. Во иднина ќе треба повеќе да се користи богатото животно и работно искуство на пензионерите со нивно вклучување во работата на телата на Советот на општината. За жал ќе констатираме дека во составот на Советот на општината нема ниту еден пензионер, што од друга страна зборува за односот на политичките партии кон пензионерите.

Соработката на здружението со другите здруженија на пензионери се одвива на повеќе нивоа. Воспоставена е практика за меѓусебни контакти и дговарања за решавање на одделни прашања од заеднички интерес.Не изостануваат и меѓусебните средби на културно-забавен, спортски и рекреативен план.Со соработката со здруженијата од градот неможеме да бидеме задоволни. Отсуствува една поширока соработка со здруженијата-членови на СЗП на град Скопје. Не се искористени предностите за соработка на организационен, спортски, културно-забавен и рекреативне план.

## ❽ *Информирање*

Информирањето како активост за запознавање на нашето членство со работата на органите и телата на СЗПМ, СЗП на град Скопје и нашите органи и тела, Општината и пошироко се од посебно значење за пензионерите. Извршниот одбор редовно информира за работата на органите и телата на нашето здружение. Тоа го прави преку состаноци во разграноците, клубовите на пензионери. Вообичаено е материјалите што ги разгледуваат органите да бидат доставени однапред и на состаноците да бидат изнесени мислењата искажаи по нив во разгранокот.

Програмата за работа, Извештаите за работа на органите и телата, Завршните сметки, Финансискиот план, Одлуките на Собарнието и ИО редовно се доставуваат до разграноците.Голем придонес во информирањето на нашето членство секако има и пензионерското гласило-весникот *Пензионер-плус*, емисијата *Трето доба* на МТВ. Весникот **Пензионер-плус** веднаш по добивањето се распределува по разгранците и клубовите.

Ќе се направат напори да се почне со издавање на информативен билтен што како обврска треба да остане во наредната година.

## ❾ *Разгранoци*

Во здружението на пензионери Ѓорче Петров делуваат 7 разграноци, како основна форма на организирање и делување во урбаните и месните заедници. Два разгранока делуваат во руралните средини и 5 разгранока во урбаните средини.



Реализирањето на секоја програмска содржина почнува од разгранокот. Досегашната пракса на претседателите на разграноците да бидат поканувани на седниците на ИО даваат добри резултати. Со претседателите на разграноците се одржани повеке договорни состаноци на кои се прават конкретен договори за реализирање на програмските активности или за превземање на активности за решавање на некое прашање кое со својата актуелност се наметнува.Здршжението во разграноците Даме Груев,Волково и Кисела Јабука ЂСтопански Двор изврши санација на објектите (реконструкција на кров и молерисување) со што се подобрија условите за работа.

Работата на разграноците во овој период не можеме целосно да бидеме задоволни но сепак сме задоволни од активностите кои се превземени и тоа:

-Посета на болни пензионери во домашни услови,

-Организирање на спортски такмичења помеѓу разграноците.

-Организирање на заеднички излети во околината на Скопје.

-Организирана посета на театарски посети

-Превземање на активности за припрема на учесниците на Ревијата Песна,Музика и Игра и Регионалните и Републичките Спортските натпревари

-Изготвување евидензија на социјално загрозени пензионери и пензионери со ниски примања.(Спискови за парична помош).

-Поделба на карти за реализација на еднодневни излети.

-Организирање на манифестација(Сирна недела-Даме Груев)

-Организирање на акција за собирање на прехрамбени производи и поделба на социјално ранливи семејства(Хром и Ѓ.Петров)

-Организирање на собирање на облека и посета на Мајка тереза(Гедијатрија-Дексион).

-Спроведување едукација на пензионерите во областа на Медицината како што се

(Предавање за Дијабет,Предавање за ајлсхамерова болест,предавање и проверка на слухот.мерење на шеќер во крвта ,Мерење крвен притисок,Мерење на Витамини во Организмот и др.)

На активностите во разграноците во иднина треба да се посвети поголемо внимание.

Од разгранокот треба да потекнуваат иницијативи за покренување на прашања што треба да бидат на дневен ред на органите и телата на здружението, СЗПМ и СЗП на град Скопје.

## ***Клубовите на пензионери***

Клубовите во разграноците работат од 17.00 до 19.00 часот, два дена во неделата каде пензионерите поминуваат дел од своето време во следење на дневен печат, играње на шах, карти, домино, табла и пикадо.Клубот за дневен претстој и клубот на Активот на Жени работи секој ден.( Понеделник Ђ Петок)

Поголем дел од трошоците за одржување на клубовите ги сноси општината,а исто така со свои сретства за одржување учествува и здружението.Одржувањето на клубот за дневен претстој и клубот на активот на жени е на трошок на здружението.

Оваа година разгранокот Мирче Ацев се пресели на нова ликација во објектот на стара Општина и истиот треба да се преуреди и реновира за што ќе биде потребно повече време.

## ⑩ *Актив на Жени*



Во здружението на пензионери Ѓорче Петров како основна форма на организирање и делување.е и активот на жени пензионерки.на 29.Август свечено беше отворен клубот на Актив на жени со што пензионерките добија свое катче за дружба и превземање на активности со кој ќе бидат остварувани целите и задачите на Здружението.кој во 2024 година ги презеде следниве активности.




> Организирање на Сирна недела во клубот на разгранокот Даме Груев.

> Организирање прослава по повод 8-ми Март денот на жените.

> Организирање на избор на најшарено  јајце.

> Учество на Томина недела во Виница.

> Посета на театарски претстави во драмски и народен театар.

>Учество на манифестацијата Благцето на Баба.

>Организирање  посети на културно историски споменици во Скопје

>Посета на домот на стари лица Мајка Тереза во Злокуќани.

>Организирање на разни предавања од областа на здравството.

>Организирање на Дочек на Нова Година,

X X X

Податоците во извештајот се реални и се темелат на документацијата и извештаите на Комисиите и помошните тела на ИО.

Извршниот одбор му предлага на Собранието да го разгледа извештајов, да даде оценка за неговата содрина и да го усвои.

**Претседател на ИО**

__________________________

**Митко Стојаноски**